# Космополитизам

*Miriam Sobre-Denton*
*Assistant Professor, Texas State University, TX, USA*

## Што е тоа?

Космополитизмот се однесува на идејата за светско интеркултурно државјанство на глобално и светско ниво. Генерално, космополитизмот е сфатен како различен од (но во рамките на нејзиниот контекст) глобализацијата. Оваа теорија говори за начините на кои индивидуалните личности ги регулираат своите околности во однос на влијанието на глобалните сили. Таа тука го вклучува разгледувањето на етичките и моралните императиви кои луѓето ги имаат во нивните локални заедници како и во поширокиот свет што ги надминува нивните локалитети. Ги вклучува социјалниот живот и комуникацијата низ границите, така што таа е социјален феномен.

## Кој го употребува овој концепт?

Космополитизмот потекнува од Старогрчките Стоици, потоа од проучувачите на Просветителството, со корени во интелектуализмот и рационализмот комбинирани со поимите за граѓанство и етичка обврска кон останатите. Денес, главно поради глобализацијата, овој концепт доживува препород. Политичките теоретичари, социолози, антрополози, филозофи и од неодамна комуниколози, мигрирале кон космополитизмот, особено кон неговите критички и вернакуларни верзии.

Денешните теоретичари, честопати пристапуваат кон космополитизмот од основата нагоре, кон транснационалните и транслокалните нивоа присутни на периферииите, како и во центарот на глобализираниот свет.

## Соодветство со интеркултурниот дијалог

Космополитизмот има потреба од интеркултурниот дијалог: луѓето го вклучуваат светот преку дијалог едни со други, локално и глобално. Комуникативниот аспект на космополитизмот подразбира активно учество во социјалниот живот со културно различните „други“ во насока на развивање на релациската и контекстуална емпатија. Особено, идејата дека сите човечки суштества имаат вредности, иако тие вредности се менуваат од човек до човек и од култура до култура, а и сфаќањето дека сите тие вредности се секому еднакво важни, бара дијалог како средство за меѓусебно разбирање и простори за преговарање околу разликите.

## Каква работа преостанува?

Космополитизмот е нашироко испитуван од академиците, особено од општествените науки и од хуманистичките области, иако само комуниколозите од неодамна почнаа да



Originally published in 2014; translated into Macedonian in 2020.

покажуваат интерес. Огромна е потребата за делување космополизитмот да се донесе во светот на практичарите во смисла на образование, дипломатија и застапување на човековите права. Императив е да се пренесат поимите на космополитизмот за светско државјанство и етичката обврска кон другите во смисла на настава за интеркултурна компетентност и развивање на релациите голбално-локално. Поголемите напори за космополитизмот во секојдневниот живот и применувањето на неговите начела во денешниот глобализиран свет би биле од голема вредност.

## Извори

Appiah, K. A. (2006). *Cosmopolitanism: Ethics in a world of strangers*. London: Penguin.

Delanty, G. (Ed.). (2012). *Routledge handbook of cosmopolitanism studies*. New York: Routledge.

Hansen, D. T. (2011). The teacher and the world: A study of cosmopolitanism as education. New York: Routledge.

Sobre-Denton, M. S. & Bardhan, N. (2013). *Cultivating cosmopolitanism for intercultural communication: Communicating as a global citizen*. New York: Routledge.

**Преведувач: Емилија Јовановска**



Originally published in 2014; translated into Macedonian in 2020.